Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел од дневни настани 09.07.2022

Денеска (09.07.2022) во 01.30 часот на автопатот кај клучка „Миравци" полициски службеници од Полициска станица Богородица ги лишија од слобода М.Ј.(43) од Скопје и А.А.(26) од с.Арачиново, скопско. Имено, околу 00.10 часот при контрола во товарно моторно возило „ивеко" со приколка, со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Ј., во кое и сопатник бил А.А., пронајдени се 87 лица мигранти. Од нив 45 од Сирија, 39 од Пакистан, двајца од Конго и едно од Индија. М.Ј. и А.А. се приведени и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава, а по завршување на постапката лицата мигранти ќе бидат спроведени во прифатно-транзитен центар.

На 08.07.2022 полициски службеници од Надворешната канцеларија за криминалистички работи при ОВР Виница, по преземени мерки и активности, расчистија 12 кривични дела, од кои 10 тешки кражби сторени во цркви, една тешка кражба во продажен објект и едно одземање на моторно возило извршени на подрачјето на ОВР Виница во претходниот период. Притоа, во полициска станица е извршен службен разговор со Е.А.(20) од Виница, кој непријавено престојувал во Кочани, при што Е.А. ги признал делата и го појаснил начинот на кој ги извршил. По документирање на случајот против него ќе бидат изготвени соодветни кривични пријави.

На 08.07.2022 во 21.15 часот во ОВР Струга се приведени А.С.(21) од струшкото село Лабуништа, А.М.(19) и Б.С.(20), двајцата со привремен престој во Италија. При преглед на моторно возило „фиат панда", во месноста „Сатеска" во близина на Струга, полициските службеници пронајдоа и одзедоа пакување со марихуана. Против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (09.07.2022) во 01.40 часот во Велес од полициски службеници од СВР Велес од слобода е лишен Б.К.(30) од Велес, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.07.2022 во 23.30 часот во Битола полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Н.Х.(22) од Битола, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 07.07.2022 во 19.35 часот на подрачјето на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје е приведен Б.Б.(20) од Скопје, затоа што кај него е пронајден нож. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.07.2022 во 07.30 часот на локалниот пат во с.Ратае, тетовско, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел корса", управувано од Р.П.(30) и патничко возило „фиат чинквеченто", управувано од Љ.С.(54), двете со тетовски регистарски ознаки. По несреќата, возачите Р.П., Љ.С. и сопатникот во возилото „фиат" А.Ј.(67), сите од с.Ратае, биле пренесени во Клиничка болница Тетово, каде на А.Ј. му биле констатирани тешки телесни повреди, а на Р.П. и Љ.С. телесни повреди. Увид извршила увидна екипа на СВР-Тетово.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (08.07.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 63 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола девет санкции, четири мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 08.07.2022 во 18.45 часот во Струга, регионалниот пат Р1201 Дебар-Струга, во с.Велешта, струшко, патничко возило „рено клио", со охридски регистарски ознаки, управувано од О.Д.(26) од с.Лабуништа, струшко, удрило во велосипед управуван од Н.К.(81) од с.Велешта. Во несреќата велосипедистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Болницата „Св.Еразмо" – Охрид. Известен е Јавен обвинител, а увид извршила екипа од Полициска станица Струга.

На 08.07.2022 во 13.05 часот во Полициска станица Гази Баба Б.Л.(74) од с.Трубарево, скопско, пријавил дека во с.Трубарево, во близина на сточен пазар, бил каснат од куче скитник.

На 08.07.2022 полициски службеници од ОВР Ресен ги лишија од слобода С.К.(34) и О.Б.(47), двајцата од Ресен. Тие се сомничат дека на 07.03.2022 извршиле кривично дело „предизвикување општа опасност", со фрлање на експлозивна направа во двор на жител на с.Царев Двор, ресенско. Во координација со Јавен обвинител, по документирање на случајот против нив ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 08.07.2022 во 04.45 часот на Граничен премин „Меѓународен Аеродром" Скопје од полициски службеници е приведена Ф.Љ.(27) од Данска, која агресивно се однесувала и физички нападнала полициски службеници кои вршеле службени дејства. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициско одделение Петровец за понатамошна постапка. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 08.07.2022 во 21.40 часот во Гостивар од полициски службеници од Полициска станица Гостивар е приведен В.С.(28) од Гостивар, затоа што во Гостивар на јавен простор го нарушил јавниот ред и мир. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во Полициска канцеларија Пехчево, С.Ч.(38) и М.А.(37), двете од Пехчево пријавиле дека на 02.07.2022 околу 23.30 часот, додека биле на плоштадот „Петар и Павле" во Пехчево, по претходно недоразбирање С.Ч. била физички нападната од П.М.(64) од Пехчево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против С.Ј.(35) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 28.10.2020 во Гостивар, полициски службеници при контрола кај пријавената и во возилото во кое се превезувала, пронашле и одзеле марихуана.

На 08.07.2022 во Полициска станица Кочани е пријавено дека на 07.07.2022 година во Комплекс клиники „Мајка Тереза"- Скопје, починал Б.К.(57) од с.Теранци, кочанско, кој на 29.06.2022 бил донесен кај нив со повреди. Според пријавеното, тој со повредите се здобил при пад пред трактор, управуван од С.Г.(81), а по дополнително извршени проверки од страна на полициските службеници е констатирано дека лицето било удрено со трактор. За случајот е известен Јавен обвинител.

На 08.07.2022 во 15.25 часот во Полициска станица Гевгелија, Ј.А.(45) од с.Прдејци, струмичко пријавил дека на 03.07.2022 во 03.50 часот во казино во хотел во Гевгелија бил физички нападнат од Г.М. од Гевгелија. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2022 во 11.35 часот во Полициска станица Тетово, Ш.А.(63) од Тетово пријавил дека околу 11.00 часот пред пекарница во Тетово, по претходна расправија, бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Д.(50) и Н.И.(54), двајцата од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 16.12.2021 на автопатот Скопје – Тетово, кај наплатна станица Желино, полициски службеници извршиле контрола во товарно возило „фиат добло", сопственост на правно лице од Скопје, а управувано од Н.И.. Притоа, во товарниот простор биле пронајдени и одземени поголема количина пиротехнички средства - петарди и 79 ракети со тутун.

На 08.07.2022 во Полициска станица Кочани Г.Е.(49) од с.Г.Подлог, В.М.(43) и Т.А.(58) двајцата од Пробиштип пријавиле дека околу 09.00 часот над шумска кукичка - рампа „Плачковица", додека извршувале работни задачи како вработени во ЈП„Македонски шуми"-подружница „Осогово"-Кочани, при обид да запрат патничко возило „форд", со кое се превезувале бесправно сечени дрва за огрев, тоа продолжило да се движи и удрило во нивното службено патничко возило „лада нива", со кочански регистарски ознаки, по што возачот избегал. За случајот е запознаен Јавен обвинител и се преземаат мерки за негово расчистување.

На 08.07.2022 во 10.45 часот во Полициска станица Кисела Вода, Б.Т.(45) од с.Ракотинци, скопско, пријавил дека на 19.06.2022 околу 20.50 часот на паркинг во близина на угостителски објект на подрачјето на Кисела Вода, неговиот малолетен син бил физички нападнат со тврди предмети од В.А.(21) од Скопје и Ф.Т. Сочинет е записник за констатиран прекршок.

На 08.07.2022 во 21.40 часот во ОВР Пробиштип е пријавено дека во Итната медицинска помош при Јавна здравствена установа-Пробиштип бил донесен Ј.Д.(45) од Кратово, кому му биле констатирани тешки телесни повреди. Според пријавеното, тој со повредите се здобил при работа во фабрика во Пробиштип. Полициски службеници излегле на местото на настанот, а известени се Трудов инспектор и Јавен обвинител.

На 08.07.2022 во 15.15 часот во Полициска станица Струмица, В.Н.(46) од Струмица пријавил дека околу 14.00 часот во Струмица, по претходно случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од едно лице, кое управувало патничко возило „голф", со струмички регистарски ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2022 во 13.45 часот во Полициска станица Гостивар М.М.(69) од с.Чегране, гостиварско, пријавил дека во близина на Автобуската станица во Гостивар, по претходна расправија, бил физички нападнат од Џ.Н. од Гостивар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2022 во 21.15 часот во Полициска станица Карпош, Џ.Г.(51) од Скопје пријавил дека околу 18.30 часот на паркинг кај трговски центар на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање во сообраќајот, тој и неговиот малолетен син биле физички нападнати од неколку лица. Сочинет е записник за констатиран прекршок.

На 08.07.2022 во 19.30 часот во Полициска станица Гостивар, Џ.М.(30) од Гостивар пријавила дека околу 18.10 часот во Гостивар, по претходна расправија, била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 08.07.2022 во 22.40 часот во Полициско одделение Жеровјане, Н.Д.(50) од с.Чегране, гостиварско, пријавил дека околу 18.00 часот во с.Стенче, тетовско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице кое управувало патничко возило „ауди", со германски национални ознаки. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет